ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
"КОМУНАЛЕЦ" ц.о.
Бр. 02-543/1
26.06.2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 19 и 29 од Законот за Јавни претпријатија ( "Сл. Весник на РМ" број 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006 22/2007, 83/09,97/10, 6/12,119/1341/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22) година ) Управниот одбор на седницата одржана на ден 27.06.2023 година донесе:

# СТАТУТ
# НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ - КРИВА ПАЛАНКА
# ( ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ )

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут поблиску се уредуваат: организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, средства, информирање, заштита и унапредување на човековата околина, општи акти и постапка за нивно донесување, синдикат, положба на вработените, како и други прашања за работа на Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка.

Член 2

Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка ( во понатамошниот текст, Јавното претпријатие) се основа заради вршење дејност од јавен интерес а кое е незаменлив услов за живот и работа на граѓаните и правните субјекти на територија на Општина Крива Паланка.
Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка а за извршените и преземените обврски во правниот промет одговара со сиот свој имот ( целосна одговорност).

## ОСНОВАЊЕ

Член 3

Основач на Јавното претпријати е Комуналец - Крива Паланка е Советот на Општина Крива Паланка и истото е основано во 1963 година.

## Дејност,фирма,седиште,печат и штембил на претпријатието

Член 4

Јавното претпријатие за комунални услуги КОМУНАЛЕЦ Ц.О. Крива Паланка во својот делокруг на работење ги врши следните дејности

01.19 – Одгледување на останати едногодишни насади и посеви
01.29 – Одгледување на останати повеќегодишни посеви
01.30 – Одгледување на саден материјал
01.64 – Доработка на семе
23.69 - Производство на други производи од бетон, гипс и цемент
25.62 - Општи машински работи
33.11 - Поправка на фабрикувани производи од метал
33.12 - Поправка на машини

33.14 - Поправка на електрична опрема
35.11 - Производство на електрична енергија
35.30 - Снабдување со пареа и климатизација
36.00 – Собирање, обработка и снабдување со вода
37.00 - Отстранување на отпадни води
38.11 - Собирање на безопасен отпад
38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад
38.31 - Демонтирање на крш
39.00 - Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад
41.20 – Изградба на стамбени и нестамбени објекти
42.11 - Изградба на патишта и автопати
42.21 – Изградба на комунални објекти за течности
42.91 - Изградба на хидроградежни објекти
42.99 - Изградба на други објекти од ниско градба неспоменати на друго место
43.11 – Уривање
43.12 - Подготвителни работи на градилиште
43.21 - Електроинсталатерски работи
43.22 - Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
43.29 - Други градежно инсталатерски работи
43.99 – Останати специјализирани градежни работи неспоменати на друго место
46.77 – Трговија на големо со отпадоци и остатоци
49.31 - Градски и приградски патнички копнен транспорт
49.39 – Друг патнички копнен транспорт, неспомнат на друго место
52.21 – Услужни дејности поврзани со копнениот сообраќај
68.20 - Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп ( лизинг )
71.20 – Техничко испитување и анализа
77.21 - Изнајмување и давање под закуп на опрема за рекреација и спорт
81.22 - Останати дејности на чистење на згради и објекти
81.29 - Останати услуги на чистење неспоменати на друго место
81.30 -Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина
93.11 - Работа на спортски објекти
93.29 - Останати забавни и рекреативни дејности неспоменати на друго место
96.03 - Погребни и слични дејности

Член 5

Полн НАЗИВ на претпријатието гласи:
Јавно претпријатие за комунални услуги Комуналец - Крива Паланка

Скратен назив на претпријатието гласи:
ЈП Комуналец - Крива Паланка

Член 6

Седиште на Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка е во Крива Паланка, Ул. Илинденска бр.17.

Член 7

Јавното претпријатие Комуналец – Крива Паланка има свој печат и штембил.

Печатот има тркалезна форма со испишан текст:
Јавно претпријатие Комуналец - Крива Паланка

Штембилот е во форма на правоаголник со испишан текст :
Јавно претпријатие Комуналец - Крива Паланка
Број

Дата

Член 8

Начинот на употреба, ракување и чување на печатот и штембилот е регулирано со посебен акт на претпријатието.

Член 9

Промена на името на фирмата, дејноста, седиштето, печатот и штембилот на претпријатието може да се врши со одлука на Управен одбор а по претходна согласност на основачот.

Член 9-а

Се врши дополнување на членот 9-а од Статутот на ЈП Комуналец-Крива Паланка кој се дополнува со внесување на 1 500 000,00 денари на основна главнина и тоа:
1000 000,00 денари кој основачот ги внесе на ден на 31.01.2023 година и 500 000,00 денари на ден 28.04.2023 година врз основа на Одлука бр.09-2874/31 од 29.07.2022 година, паричен влог, сопственост на основачот на претпријатието, преку трансакциска сметка на основачот во УНИ Банка АД Скопје.

## ПРАВНА ПОЛОЖБА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 10

Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка е правно лице и е носител на сите права и обврски во правниот промет и одговара со сиот свој имот.

Член 11

Основачот може да донесе одлука за издвојување на подружница или дел од јавното претпријатие под услов подружницата односно делот што се издвојува од јавното претпријатие да може непречно да продолжи со работа и да функционира посебно. Издвоената подружница, односно дел од јавното претпријатие се организира во друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво во државна сопственост, односно сопственост на општината или заедно со друг вложувач во друштво со учество на државата, односно општината, а дејноста ќе ја врши под услов и начин утврдени со овој статут или закон.

Основачот носи одлука за издвојување на дел од јавното претпријатие во случаите кога во делот што се идзвојува не се врши основната дејност на јавното претпријатие односно не се вршат дејности кои со закон се утврдени како дејности од јавен интерес.

Член 12

Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка во својот состав има:

- СЕКТОР ЗА ГРАДСКИ ВОДОВОД, ЛОКАЛНИ ВОДОВОДИ,
- КАНАЛИЗАЦИЈА И ФИЛТЕР СТАНИЦА;
- СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ
- СЕКТОР ЗА ПРАВНИ КАДРОВСКИ И ОПШТИ РАБОТИ и
- СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГЕНА, ГРОБИШТА И ПАЗАРИ

Член 13

Во правилникот за систематизација на работни места се набележани детали за сектори со единици и служби со опис и попис на работни места и работи и работни задачи.

Член 14

Претпријатието го застапува и претставува директорот на претпријатието како законски застапник.

Член 15

Директорот ги има сите овластувања во правниот промет во рамките на дејностите на претпријатието.

## ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 16

Органи на Јавното претпријатие Комуналец - Крива Паланка се:

- управен одбор
- надзорен одбор за контрола на материјално и финансиско работење
- директор

### Управен одбор

Член 17

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 членови.

Членовите на Управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие според утврдена постпка по закон.

За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен погоре наведените услови, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

-два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Член 18

Членот на Управен одбор не може да има лично, преку трето лице или по било кој основ интереси во претпријатиетo.

Секој член на Управниот одбор, како и директорот, се должни да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес, од страната на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик на председател.

Управниот одбор има овластување да превзема мерки што се потребни и корисни за работата на Јавното претпријатие, и се во согласност со Закснот.

Член 19

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Член 19-а

Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие. Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

Член 20

Управен одбор, ги извршува задачите и овластувањата утврдени со Законот за јавни претпријатија а особено:

- го донесува Статутот на Јавното претпријатие;
- ја усвојува Програмата за работа и развој на Јавното претпријатие;
- ја утврдува деловната политика;
- ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на Претпријатието;
- одлучува за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на загубите;
- донесува одлука за инвестициони вложувања;
- ги утврдува цените на производите и услугите;
- одлучува за внатрешна организациона поставеност на јавното претпријатие;
- одлучува во втор степен по приговори;
- врши и други работи утврдени со актот за основање;
- одлучува за земање кредити;
- одлучува за основање и укинување на работни единици;
- донесува одлуки за усвојување на општи акти;
- формира постојни и повремени комисии;

- одлучува за набавка и отуѓување на основни средства.

Член 21

Основачот на Јавното претпријатие дава согласност на:

- Статутот на Јавното претпријатие;
- статусните промени;
- актот за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие и покривањето на загубите;
- актот за задолжување на Јавното претпријатие;
- актот сокој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги врши за корисниците;
- годишна сметка и извештајот за работење на јавното претпријатие;
- годишна инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој.

Основачот вишокот на средства остварени од работењето на јавното претпријатие ги вложува во јавното претпријатие врз основа на детални финансиски планови.

Условите и начинот на користење на средствата од посебната сметка ги утврдува основачот.

Член 22

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Член 23

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Членовите на Управен одбор по правило своите одлуки ги донесуваат јавно.

Управниот одбор со мнозинство гласови можат по пооделни прашања од дневен ред своите одлуки да ги донесат со тајно гласање.

Член 24

Предлог за разрешување на член на Управен одбор може да поднесе:

- Управен одбор
- Директор
- Оновачот

Одлука за разрешување на член на Управен одбор донесува основачот.

Член 25

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив претседава претседателот на Управниот одбор.

Член 25-а

„Претседателот на управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата Советот на Општината кога се дискутира и се одлучува за

работи и документи од надлежност на управниот одбор на јавното претпријатие. Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие".

Член 26

Поканата за свикување на седницата на Управен одбор ја потпишува председателот на Управниот одбор, а во негово одсуство неговиот заменик.

Одлуките донесени на седницата ги потпишува оној кој раководел со седницата.

Член 27

Седниците на Управен одбор се свикуваат по потреба што ја утврдува претседателот во договор со директорот.

По барање на директорот, претседателот на Управниот одбор е должен да свика седница.

Член 28

На председателот или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот не може да им се даваат заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Превземената обврска спротивна на став 1 од овој член е ништавна и без правно дејство.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Член 29

„За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена кои ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие според утврдена постпка по закон.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: - е државјанин на Република Северна Македонија, - има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен погоренаведените услови,, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат. Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие."

Член 29-а

„Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот од ставот 2 на овој член со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие".

Член 30

Заради вршење на работите на контрола, надзорниот одбор може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на Јавното претпријатие.

Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на Јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седницата на Управен одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управен одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за рабоотење на Јавното претпријатие и по прегледот му дава мислење на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Член 31

Управниот одбор не може да ги усвои годишната сметка и извештајот за работење на Јавното претпријатие ако претходно не добие позитивно мислење од надзорнит одбор.

**ДИРЕКТОР**

Член 32

Со работата на Претпријатието раководи директор.

Член 33

Директорот на Јавното претпријатие со мандат од 4 години го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Крива Паланка, по претходно распишан јавен конкурс.

Директорот на јавното претпријатие може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие.

Член 34

За директор на Претпријатието може да се избере лице кое покрај општите услови предвидени со Закон треба да ги исполнува посебните услови:

- да има високо образование
- да има 4 години работно искуство
- 

Член 35

Директорот ги извршува следниве задачи:

- Се грижи за законитоста во работењето на Претпријатието;
- Го организира и раководи со процесот на работењето на Претпријатието;
- Ги извршува одлуките на Управниот одбор на Претпријатието;
- Го застапува Претпријатието према трети лица;
- Учествува во работата на Управен одбор без право на глас и дава мислење, сугестии и предлози по конкретни прашања поставени на дневен ред;
- Предлага организација на работата на Претпријатието;
- Врши распоредување на работници со посебни овластувања и одговорности – раководители на сектори во рамките на јавното претпријатие;
- Одлучува за распоредување на работници во Претпријатието;
- Поднесува извештај за работа на Претпријатието за периодични и годишна сметка;
- склучува договори во име и за сметка на Претпријатието;
- ги информира работниците за целокупното работење на истото;
- ја организира работата и се грижи за реализација на плановите и програмата за одбрана;
- одобрува службени патувања во земјата;
- врши и други работи кои се од интерес на Претпријатието;
- учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој на Јавното претпријатие и во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата на претпријатието и употребата на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие;

Член 36

Директорот дава налози и упатства на раководителите на работни единици во Претпријатието за извршување на налози , упатства и одлуки на Управен одбор по писмен пат или усно.

Член 37

Директорот за својата работа одговара пред Градоначалникот на Општината.

Директорот склучува договор со градоначалникот на општината за уредување на односите во јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Член 38

Доколку директорот утврди дека општ акт или друг акт кој е донесен од Управен одбор е спротивен на Закон или овој Статут, должен е да го предупреди органот кој го донел актот дека е незаконит.

Ако и после предупредувањето органот што го донел актот инсистира на спроведување на тој акт, директорот ќе го запре актот и веднаш, а најкасно во рок од 3 дена ќе го достави актот до основачот.

Член 39

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија и функциите претседател и членови на Владата на Република Македонија како и член на Советот и градоначалник на општината.

Член 40

Директорот може да издава полномошна во писмена форма на други стручни лица за обавување на одредени работи а особено за застапување на Претпријатието пред судови и други органи на власта.

Полномошникот го застапува претпријатието само во границите на полномошното.

**Комисии и работни тела**

Член 41

Директорот како свое советодавно тело формира стручен колегиум кој претставува советодавно, стручно и оперативно тело.

Во колегиумот се застапени сите раководители на сектори.

Член 42

Со колегиумот ракокоди директорот кој и ги свикува состаноците на истиот.
Колегиумот своите состаноци ги одржува за време редовна работа.

Член 43

Во претпријатието се формираат и комисии кои можат да бидат постојани и повремени.

Комисиите ги формира Управен одбор и Директорот на Јавното претпријатие, секој во доменот на своите надлежности и овластувања, по потреба.

Комисиите се составени од три члена.

Од редот на членовите на комисијата се избира претседател и заменик претседател.

Комисијата ја свикува и со неа раководи претседателот или заменик претседателот.

Комисиите работат на седници и решаваат во прв степен, а одлуките ги донесуваат и тие се полноважни ако за нив се изјасниле повеќе членови од комисијата.

**Јавност во работењето**

Член 44

Јавното претпријатие го остварува системот на информирање на корисниците на услуги, како битна претпоставка за својата функција во комуналната дејност во Градот Крива Паланка.

Јавното претпријатие е должно за својата работа, работење и развојни програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг погоден начин.

Работниците се информираат и преку огласна табла на Претпријатието и други средства за информации.

Управниот одбор и директорот се должни и одговорни за редовно и вистинито информирање на работниците за целокупното работење на претпријатието.

**Заштита и унапредување на животна средина**

Член 45

Со цел заштита и унапредување на животната средина Управниот одбор на Претпријатието донесува програма, акти и соодветни одлуки и мерки, обезбедува средства за таа намена, а по потреба формира органи и задолжува поединци, кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките, мерките и заклучоците.

**Штрајк**

Член 46

Ако Синдикатот односно работниците во Претпријатието одлучат да го искористат правото на штрајк, најдоцна 7 дена пред денот на одржување на штрајкот, треба на директорот на Претпријатието да му достават писмено предупредување во кое Синдикатот, односно штрајкувачкиот одбор ќе ги изнесе причините за намерата да се организира штрајк.

Штрајкувачкиот одбор, представници на Управниот одбор и директорот се должни по предупредувањето од став 1 од овој член да понудат предлог за решавање на спорот и со тој предлог да ги запозне работниците.

Ако не се постигне согласност во рок од 15 дена од денот на предупредувањето од ставовите 1 и 2 од овој член, Синдикатот односно штрајкувачкиот одбор ако донесат одлука да стапат во штрајк, должен е да ја достави одлуката за стапување во штрајк до директорот на претпријатието во рок од 7 дена пред почеток на штрајкот.

Во одлуката се наведува местото, датата, часот и траењето на штрајкот. Кон одлуката задолжително се приложува и изјава за начинот на обезбедување на условите од член 48.

Доставување одлука за штрајк не ги запира преговорите за решавање на спорот.

Член 47

Директорот на Претпријатието по добивање одлука за штрајк на вработените е должен веднаш да го извести надлежниот орган на основачот ( Градоначалникот и Советот ). Директорот ја доставува одлуката за штрајк заедно со барањето на вработените.

Член 48

Штрајкупачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот во претпријатието се должни штрајкот да го организираат и да го водат на начин и да превземат мерки со кои ќе обезбедат физичка сигурност на вработените и заштита на опремата и инсталациите, како и извршување на обврските спрема граѓаните, правните лица, државните органи и само под услов да се обезбедени:

а). Неопходно ниво на процесот на работата со која нема да се загрози животот, здравјето и економската и социјалната сигурност на граѓаните и неопходното одвивање на стопанските и другите дејности во земјата во обем и на начин утврдени со закон од соодветна дејност од јавен интерес и

б). извршување на меѓународни договори

Штрајкувачкиот одбор е должен за време на штрајкот да соработува со директорот на претпријатието заради обезбедување на условите од став 1 од овој член и ставовите 1и 2 од член 49 од овој статут.

Член 49

Во случај на штрајк во јавното претпријатие, времето на започнување и запирање на работењето не може да биде различно за оделни категории на вработени, ниту за оделни лица меѓу вработените.

Забрането е сукцесивно распоредување на запирањето или сменувањето на различни групи на вработени или делови од претпријатието.

Штрајкувачкиот одбор и работниците кои учествуваат во штрајкот во јавното претпријатие, не можат да ги спречуваат работниците што согласно со овој или со друг закон не можат да учествуваат, односно работниците кои н е сакаат да учествуваат во штрајкот, да работат.

Непочитувањето на одредбите од ставовите 1,2 и 3 на овој член се смета за повреда на работната дисциплина.

Член 50

Основачот утврдува кои лица носители на раководни функции, односно лица од кои зависи техничко - технолошкиот процес и се од незаменливо значење за одвивање на дејноста на претпријатието, со оглед на местото во водењето на работите на јавното претпријатие, не можат да учествуваат во штрајк и пропишува кои се нивните обврски, односно како тие мора да постапуваат во случај на штрајк во јавното претпријатие.

Во прописот од став еден од овој член може да се утврдат работните места и начинот на извршувањето на работите и задачите на работните места од кои зависи вршењето на дејноста од јавен интерес и од кои може да се загрози сигурноста на луѓето, инсталациите и опремата и кога вработените не може да ја запрат работата без предупредувањето дадено во рокот утврден со 3 аконот за јавни претпријатија.

Основачот може заради спречување на запирањето на работата во Јавното претпријатие што може да предизвика големи материјални штети и да го

загрози здравјето и сигурноста на луѓето, инсталациите и опремата, да преземе мерки на индивидуална или групна мобилизавија на вработените.

Работникот кој нема да постапи согласно наредбата за мобилизација се смета дека сторил повреда на работната дисциплина.

Член 51

Објектите и административните простории на јавното претпријатие треба да бидат достапни за непречно располагање на лицата кои го обезбедуваат работењето на јавното претпријатие.

Ако вработените спротивно на овој статут ги запоседнале и се задржуваат во објектите и административните простории на јавното претпријатие, директорот на јавното претпријатие е должен да преземе мерки заради нивно отстранување.

**Положба на вработените во Јавното претпријатие**

Член 52

Вработените во Јавното претпријатие имаат положба, права и обврски од работниот однос како и вработените во друштвата согласно со Законот за работни односи и Колективен договор.

При вработување ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.

Претпријатието дејноста ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарентна.

Член 53

Претпријатието обезбедува стручни, административни и технички услови за работа на синдикатот за остварување на својата функција.

Член 54

Претставникот на синдикалната организација има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност ниту доведен во понеповолна состојба ниту може да му се даде отказ односно да му престане работен однос поради членство во синдикатот или учество во синдикалните активности.

Заштита на претставникот на Синдикатот трае според Законски прописи.

Член 55

Претставникот на синдикалната организација, поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците не може:

- да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец
- да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ да му престане работен однос со отказ.

Член 56

На претставникот на Синдикатот му припаѓаат сите права предвидени со Закон ( усовршување и оспособување за ефикасно вршење на својата функција и друго).

Општи акти на Претпријатието и нивно донесување

Член 57

Статутот на Претпријатието е основен акт на Претпријатието.

Други општи акти на Претпријатието не можат да бидат во спротивност со Статутот на Претпријатието.

Член 58

Покрај Статутот во Претпријатието се донесуваат и овие општи акти:

- Правилник за систематизација на работни места;
- Правилник за заштита при работа;
- Правилник за против пожарна заштита;
- Правилник за уредување и формирање на цените на услугите
- Други општи акти чие донесување произлегува од Законот или се укаже потреба од нивно донесување.

Член 59

Статутот и општите акти ги донесува Управниот одбор.

Член 60

Нацрт - Статутот и другите општи акти ги изготвува стручна служба.

Член 61

Вака изготвениот Нацрт - Статут - Општ акт се доставува до Управен одбор на разгледување и усвојување.

Член 62

Сите акти стапуваат на сила осмиот ден од денот на донесувањето.

Статутот, актот донесени од страна на Управен одбор кои стапиле на сила се доставуваат на надлежните служби.

Член 63

Статутот се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половина од сите членови на Управен одбор.

Член 64

Вака усвоениот Статут на Јавното претпријатие се доставува до Советот на Општина Крива Паланка на согласност.

Член 65

Постапка за измена и дополнување на актот се врши на ист начин и постапка по која е и донесен.

Член 66

Постапка за измена и дополнување на актот може да покрене Управен одбор, директорот и Основачот.

Член 67

Толкување на актот дава органот што го донел истиот.

**Завршни одредби**

Член 68

Овој пречистен текст од Статутот влегува во сила осум дена по добивање согласност од Основачот.

ЈП Комуналец - Крива Паланка
Претседател на Управен одбор,
Горан Костадиновски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. 1 КР. ПАЛАНКА